Atinska 12
1000 Skopje,
N.Macedonia
tel. +389 2 3090.625
info@inet.com.mk
www.inet.com.mk

**ИНЕТ ДОО Скопје**

има потреба од млада, динамична, амбициозна личност за пополнување на долунаведената позиција

## Економист за финансии (главен сметководител)

Статус:

- Вработен на неодредено време

Критериуми/потребни способности и вештини:

- Универзитетско образование од областа на финансии;
- Активно познавање на англиски јазик во говорна и пишана форма;
- Одлично владеење со компјутерските апликации MS Office;
- Работно искуство за сметководствено работење најмалку 2 год.;
- Познавање на **SAP (System Applications and Products in Data Processing)** се смета за предност при вработувањето;
- Лиценца за овластен сметководител со посетени часови согласно закон се смета за предност при вработувањето;
- Изразени интерперсонални вештини, вештини за преговарање и аналитичност, способност за деловна комуникација;
- Способност за решавање на деловни проблеми;
- Способност за тимска работа;
- Голем ентузијазам и потенцијал за професионален развој;
- Професионалност во работењето;

Одговорности:

- Разновидни сметководствени активности во согласност со сметководствените стандарди и принципи, како и со сите релевантни законски и регулативни прописи (книжење на денарски и девизни изводи, влезни и излезни денарски и девизни фактури, работа со готовина и слипови, примени и дадени аванси, курсни разлики, биланси, cash flow, основни средства и амортизација);
- Составување и поднесување на месечна ДДВ пријава;
- Калкулирање на плати, третман на боледувања, годишни одмори, пријава/одјава на вработени;
- Изработка и поднесување на завршни сметки и финансиски извештаи, пресметка на финансиски индикатори, изработка на Годишен извештај;
- Анализа на финансиското работење на клиентите и предлози за одобрување на кредитен лимит;
- Подготовка и комплетирање на документација за годишен попис;
- Изработка и поднесување на потребни извештаи до НБРСМ (КИПО, ВС-11 и тн.)
- Подготовка на документација и активно учество во спроведување на ревизија во фирмата;

ИНет ДОО Скопје нуди континуирана обука и развој, одлични работни услови и можност да му се приклучите на тимот.

Финансиски пакет:

- Почетна основна плата: 55.530 ден., зголемување секој квартал според порастот на просечната плата во Македонија;
- Исплата на К-15 и Новогодишен надомест;
- Можност за дополнителен бонус.

Огласот трае 5 (пет) дена.

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуват горенаведените услови треба да го проследат своето CV (кратка биографија) со придружно писмо **најдоцна до 24.03.2024 година,** на следната е-маил адреса:

**investor.relations@inet.com.mk**